"ИМЕ И ПРЕЗИМЕ" АДРЕСА, ГРАД, ОПШТИНА

Матичен број …………….. л.к. број ………………

во понатамошниот текст: к о р и с н и к  н а  с о в е т у в а њ е  ( к л и е н т )

и

_______________________________________( име на претпријатие, адреса, град)
Матичен број …………….. Даночен број ………………
Застапуван од директор ……….. …………..
во понатамошниот текст: и з в е д у в а ч  н а  п р о г р а м а т а ( О Д П )

во име и за сметка на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Никола Вапцаров бр.7, 1000 Скопје, матичен број 5854636 даночен број 4030003505490

во понатамошниот текст: н а р а ч а т е л

заклучија,

## Спогодба
## за вклучување во програмата на ваучерскиот систем на советување
## бр.____________

### Воведни констатации

### Член 1

Спогодбените странки во воведот констатираат, дека клиентот ги исполнува условите за вклучување во програмата на ваучерскиот систем на советување (во продолжение програма) во согласност со важечките процедури за спроведување на програмата на ваучерскиот систем на советување, кои важат на денот на склучување на оваа Спогодба.

### Предмет на Спогодбата

### Член 2

Предмет на Спогодбата е финансирање на трошоците за претприемничко советување и групно претриемничко советување од страна на нарачателот, во согласност со Прирачникот на процедури, кои важи за времетраењето на оваа Спогодба, а со цел разрешување на невработеноста со самовработување и отварање на нови работни места во микро и малите претпријатија, како и реализација на интервенциите наведени во Патеката за Деловен развој (ПДР), која е составен дел на оваа Спогодба. Советувањето го изведуваат советници за претприемништво, користејќи ја проценката за самовработување, и при тоа главните области се:

1. Пред започнување бизнис

Толкување на проценката за самовработување, визија и цели

Проверка на бизнис идеја

2. Започнување на бизнис

2.1. Планирање на бизнис, изработка на Бизнис план

2.2. Помош во имплементација на планот – простории, заеми, машини, регистрација на претпријатие, дозволи, лиценци итн.

Во рамките на горенаведените области и можностите на клиентот, избрани се следните интервенции, односно услуги за развој на бизнисоткако што се:

Советување,

Тренинг (обука) за бизнисот

Информации за бизнисот

**Спогодбена квота**

**Член 3**

Изведувачот се обврзува дека на клиентот ќе му ги обезбеди услугите од член 2 на оваа Спогодба, наведени во ПДР до вредност од __________ денари со вклучен ДДВ.

Изведувачот, му ги обезбедува на клиентот услугите од член 2 од оваа Спогодба најмногу 6 месеца пред реализација на самовработувањето и уште 6 месеца по реализираното самовработување, под услов, на нарачателот во тој период да му бидат одобрени средства за реализирање на програмата.

Изведувачот на програмата, ги предава ваучерите на клиентот, кои служат како нарачка за услугите од член 2 на оваа Спогодба во обем, одреден во став еден од овој член на Спогодбата.

**Обврски на корисникот на советувањето**

**Член 4**

Корисникот на советувањето е должен најдоцна за 6 месеци од потпишување на оваа Спогодба да се самовработи на неодредено време како вршител на самостојна дејност, освен ако при проверката на деловната идеја кај советникот не се покаже дека не постојат реални можности за нејзина реализација.

За самовработување по основ на оваа Спогодба се смета обавување на стопанска дејност како своја основна дејност со статус Трговец поединец, вработување во сопствено или како ко-сопственик во друго трговско друштво, односно друго правно лице.

**Член 5**

Корисникот на советувањето се обврзува:

а) дека на изведувачот на програмата, во согласност со Приачникот и грижејќи се за деловните тајни, ќе му нуди документи и информации за остварување на претриемачките цели, кои биле предмет на претриемачкото советување.

б) дека ваучерот ќе го употреби за сопствени потреби,

в) дека ваучерот ќе го предложи на советникот - изведувачот на програмата или на надворешен советник и ќе побара услуги и потпис на советникот,

г) дека ќе ги потврди направените услуги со потпис на ваучерот,

д) дека во рок од 8 дена од датумот на самовработувањето ќе му достави на изведувачот на програмата образец М-1/М-2 како доказ за самовработување.

**Член 6**

Корисникот на советувањето е должен да ги реализира своите обврски најдоцна до рокот одреден во став еден од член 5 на оваа Спогодба. Ако корисникот на советувањето востанови, дека од објективни причини нема да може во предвидениот рок да ги исполни своите обврски, должен е за причините да го извести иведувачот на програмата веднаш по нивното настанување, и најдоцна во рок од 5 дена да побара соодветно одложување.
Продолжување на спогодбениот рок е можно само пред неговото поминување.
Изведувачот на програмата одлучува за продолжување на рокот за време од 8 дена по приемот на барањето за продолжување.
Ако изведувачот на програмата не одобри продолжување на рокот, или ако средствата се потрошени ненаменски, или ако корисникот на советувањето не се однесува според членовите 5 и 6 од оваа Спогодба, изведувачот на програмата може да ја раскине Спогодбата и да бара во целост враќање на средствата примени по основ на оваа Спогодба. Корисникот на советувањето е должен примените средства да ги врати во рок од 30 дена од приемот на барањето за поврат на средствата и тоа во целост, со законска камата сметано од денот на приемот на средствата па се до денот на нивно враќање како и законски затезни камати, кои се пресметани од денот на префрлувањето до денот на враќањето на средствата.

**Завршни одредби**

**Член 7**

Оваа Спогодба е склучена за период до денот на самовработувањето и најмногу 6 месеца по самовработувањето, сепак под услов, на нарачателот да му бидат одобрени средства за изведување на програмата.

**Член 8**

Сите примедби и дополнувања на оваа Спогодба ќе се решаваат со анекси кон оваа Спогодба.
Времето на важност на Спогодбата заедно со анексите не може да биде повеќе од една година од денот на потпишување на оваа Спогодба.

**Член 9**

Спогодбените страни со потпишување на оваа Спогодба потврдуваат, дека се запознаени со прирачникот на процедури за спроведување на програмата, кој важи за времетраење на оваа Спогодба, дека со истиот се согласни и се обврзуваат да се однесуваат според него, како и дека е спроведена анализа на бизнисот на клиентот и со негова согласност е одредена соодветна УРБ.

**Член 10**

Сите спорови поврзани со оваа Спогодба, спогодбените страни ќе ги решаваат спогодбено во духот на меѓусебната соработка. Во случај, спогодбените страни во однос на ова прашање да не може да постигнат споразумен договор, надлежен за решавање на овој спор е основниот суд во Скопје.

**Член 11**

Спогодбата стапува на сила со денот на нејзиното потпишување од двете спогодбени страни. Спогодбата е напишана во два еднакви примерока, од кои по еден за секоја спогодбена страна.

Во _________, на ден _________

| Изведувач на програмата | Корисник на советувањето |
|---|---|
| ____________________ | ____________________ |
| Фирма, односно име и презиме на директорот, | (име и презиме) |

## Патека за деловен развој **

| Интервенција | | Почеток (дд/мм/гггг) | Крај (дд/мм/гггг) | Потребни ресурси | Одговорно лице | Очекувани документи | Индикатор на док. кој може да се верификува (доказ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | |

***Во текот на една календарска година, достапни финансии има макс. 37.170,00 денари со вклучен ДДВ. Индикативниот буџет е предмет на достапни финансиски средства од Владата и други извори.***

| Очекувано влијание како резултат на горе предложените интервенции во ПДР | | | |
|---|---|---|---|
| **Индикатор на влијание** | **Прва година** | **Втора година** | **Трета година** |
| **Продажба** | | | |
| **Постојани вработени** | | | |
| **Вкупна инвестиција** | | | |